Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Институтот за демократија (ИДСЦС), во рамки на проектот „ **Мојот избор** “ ги објавија резултатите од истражувањето на јавното мислење во Скопје и Тетово за: излезноста на изборите, за која листа на советници и за кој кандидат за градоначалник би гласале граѓаните на тие општини.




Доколку утре се одржат локалните избори, 44,3 % од граѓаните на **Скопје** ќе гласаат за Коце Трајановски, кандидатот на ВМРО- ДПМНЕ, а 19,2% за Јани Макрадули, кандидат на СДСМ. Потоа следуваат Артан Груби, кандидат на ДУИ, со 10,5%, Беким Фазлиу, кандидат на ДПА, со 3,4%, Горан Николовски, од ЛП, со 0,3%, Жаклина Николиќ од СДУ, со 0,3%, Габриела Арсова-Милошевска од РА, со 0,2%, Влате Војновски од НДМ, со 0,1% и Љуљзим Фазири од НДП, со 0,1. Кај советничките листи, 30,4% ќе гласаат за листата на ВМРО-ДПМНЕ, 15,7% за листата на СДСМ,10,9% за листата на ДУИ, 2,8 за листата на ДПА, а 1,3% за други листи. Процентот на оние што не знаат или не сакаат да кажат е 30%. Што се однесува до одѕивот на гласачите, 73,7% рекле дека со сигурност ќе излезат да гласаат.


ГРАЃАНИТЕ ЗА
ИЗБОРИТЕ ВО
ТЕТОВО
МОЈОТ
ИЗБОР